Врз основа на член 86 од Законот за банките, член 383 од Законот за трговските друштва и член 41 од Статутот на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје, Собранието на акционери на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје, на седница одржана на ден 30.12.2019 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**за изменување и дополнување на Статутот**
**на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје**

Се врши изменување и дополнување на Статутот на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје, како што следи:

**Член 1**

Во Статутот на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје, пречистен текст од 11.01.2019 година, во член 23 по ставот 1 се додава нов став 2 кој гласи:

„Акционерите на Банката одговараат за обврските од работењето на Банката неограничено и солидарно во случаи кога:

а) ја злоупотребиле Банката како правно лице за да постигнат цели што за нив како поединци, се забранети;

б) ја злоупотребиле Банката како правно лице за да им нанесат штета на своите доверители;

в) спротивно на законот, располагале со имотот на Банката како со свој сопствен имот или

г) во своја корист или во корист на кое било друго лице го намалиле имотот на Банката, а знаеле или морале да знаат дека Банката не е способна да ги изврши своите обврски спрема третите лица“

**Член 2**

Во членот 39-а став 2, точката 3 се брише.

Точките 4,5,6,7 и 8 стануваат точки 3,4,5,6 и 7.

По ставот 2, се додаваат два нови става 3 и 4 кои гласат:

„За лице кое не поседува репутација ќе се смета и лице кое е осудено со правосилна судска пресуда на безусловна казна затвор над шест месеци, сè додека траат правните последици од пресудата.

„За член на Управен одбор на Банка ќе се смета дека не поседува репутација и кога има соработник во однос на кој постојат околностите од ставот (3) на овој член. ”

Ставовите 3,4,5,6 и 7 стануваат ставови 5,6,7,8 и 9.

Во ставот 6 кој станува став 8 бројот „7)” се заменува со бројот „6)” и броевите „(3) (4) и (5)” се заменуваат со броевите „(5) (6) и (7)”.

**Член 3**

Во член 44 став 3, по зборот „Банката” се додаваат зборовите: „и на интернет страницата на берзата.”

**Член 4**

Во членот 46-а по ставот 1 се додава нов став 2, кој гласи:

„Акционерите на Банката можат преку користење на електронски систем на Банката, да се регистрираат, да овластуваат свои полномошници и на истите да им даваат инструкции за

гласање на седницата на собранието. Акционерите на Банката можат преку истиот систем и да го откажат даденото полномошно."

Ставовите 2,3,4,5,6,7,8 и 9 стануваат ставови 3,4,5,6,7,8, 9 и 10.

**Член 5**

Во член 47 став 2 по алинеата 3 се додава нова алинеа 4, која гласи:

„ - Предложените одлуки за донесување или каде што такви нема предложено, мислења на овластен орган или тело на друштвото по секоја точка од предложениот дневен ред на седницата на Собранието на Банката;".

Алинеите 4 и 5 стануваат алинеи 5 и 6.

**Член 6**

Во членот 63 по ставот 1 се додава нов став 2 кој гласи:

„ Надзорниот одбор на Банката ги именува и разрешува членовите на Одборот за управување со ризици."

**Член 7**

Во членот 67 по став 1, се додава нов став 2 кој гласи:

„Одборот за ревизија полноважно работи ако се присутни мнозинството од сите негови членови."

Во ставот 2 кој станува став 3 по зборовите: „гласови од" се додава зборот „сите", а зборот „членовите" се заменува со зборот „членови".

Ставот 3 станува став 4.

**Член 8**

Во член 69 ставот 2 се менува и гласи:

„Управниот одбор на банката се состои од 3 (три) члена, кои извршуваат функција на Ивршни директори. Од членовите на Управниот одбор еден се именува за Претседател".

Ставот 3 се брише.

Ставовите 4,5 и 6 стануваат ставови 3,4 и 5.

**Член 9**

Членот 72-а се менува и гласи:

"Помеѓу членовите на Управниот одбор на банката постои поделба на надлежностите и одговорностите, и тоа на следниот начин:

- Еден Извршен директор е одговорен за Дирекција Правни работи, Служба за контрола на усогласеност со прописи и спречување перење пари и финасирање на тероризам, Дирекција Мрежа на експозитури, Дирекција Банкарство за население, Дирекција Кредитен центар, Дирекција Човечки ресурси и Дирекција Маркетинг и реклама;
- Еден Извршен директор е одговорен за Дирекција Корпоративно банкарство, Дирекција Стратешки клиенти, Дирекција Трежри и Дирекција Небанкарски дејности;
- Еден Извршен директор е одговорен за Дирекција Управување со ризик, Дирекција Управување со проблематични пласмани, Дирекција Финансии и сметководство, Дирекција Информатички технологии, Дирекција Платни системи, Дирекција Картично работење и Дирекција Кредитна администрација.

**Член 10**

Насловот на Глава 6, „ ДРУГИ ОРГАНИ И ТЕЛА се менува и гласи:
**"ДРУГИ ОРГАНИ И ТЕЛА НА БАНКАТА (КОМИСИИ И ОДБОРИ)**
"

**Член 11**

По членот 77 се додаваат три нови членови „77-а и, 77-б и 77-в " кои гласат:

„Член 77-а

"Надзорниот одбор, од редот на своите членови, формира Одбор за наградување, кој му помага во ефикасно спроведување на Политиката за наградување на вработените.

Надзорниот одбор може да формира Одбор за начинот на избор, следење на работењето и разрешување на членовите на Надзорниот одбор, Одборот за управување со ризиците, Одборот за ревизија и Управниот одбор и други одбори, комисии и други тела, коишто му помагаат при спроведувањето на дел од неговите надлежности.

Управниот одбор за одделни прашања од делокругот на работењето на Банката може да формира: одбори, комисии, работни групи и други тела.

Составот, надлежностите, овластувањата и организација на работата на одборите, комисиите и другите тела на Банката се регулира со посебни деловници за организација и работа и со одлуките за формирање на одборите.

Член 77-б

Надзорниот одбор на Банката формира Кредитен одбор, го определува бројот на членовите и ги именува членовите од редот на вработените лица во Банката.

Кредитниот одбор е составен од 5 (пет) члена и тоа:

- Главен директор за ризици;
- Директор на Дирекција Корпоративно банкарство;
- Заменик директор на Дирекција Корпоративно банкарство;
- Директор на Дирекција Управување со ризик и
- Директор на Дирекција Правни работи.

Мандатот на членовите на Кредитниот одбор на Банката трае од денот на нивното именување до денот на нивното отповикување со соодветна одлука на Надзорен одбор, или откажување од страна на членот.

Кредитниот одбор одлучува на седници со кои раководи претседателот.

Седниците може да се одржуваат ако на истите присуствуваат најмалку три члена, при што задолжително е присуство на Главен директор за ризици или Директор на Дирекција Управување со ризик.

Кредитниот одбор донесува одлуки едногласно од сите присутни членови на седницата.

Кредитниот одбор, во рамките на утврдените надлежности и лимити од Надзорниот одбор и Деловникот за организација и работа на кредитниот одбор, разгледува и одлучува по кредитни барања од клиентите и по потреба доставува предлог одлуки за одобрување до Управниот одбор на Банката.

Член 77-в

Со Деловник за организација и работа на Кредитниот одбор поблиску се регулираат составот, надлежностите, овластувањата и организација на работа на Кредитниот одбор на Банката".

**Член 12**

Членовите 81,81-а и 82 се бришат.

**Член 13**

Во член 83, ставот 1 по зборовите: „Главен директор за ризици" сврзникот „и" се заменува со запирка и се додаваат зборовите: „Раководителот на службата за внатрешна ревизија,", а по зборот „директори" се додаваат зборовите: „ и заменици директори".

Во ставот 2, по зборот „дирекции" се додаваат зборовите: „и замениците директори".

Во ставот 3, запирката и зборовите: „Дирекција Човечки ресурси" се бришат, а зборовите "Главниот извршен директор" се заменуваат со зборовите "Извршниот директор во чија надлежност се соодветните дирекции".

Во ставот 5, по зборовите: „ директорите на дирекциите" се додаваат зборовите: „ и замениците директори на дирекции".

**Член 14**

Во член 85 во ставот 1, зборот „Управниот" се заменува со зборот „Надзорниот".
По ставот 1 се додава нов став 2 кој гласи:

„Надзорниот одбор го именува, го следи работењето и го разрешува раководителот на службата за внатрешна ревизија. "

Ставовите 2,3 и 4 стануваат ставови 3,4 и5.

По ставот 5 се додава нов став 6 кој гласи:

„Службата за внатрешна ревизија е должна за своето работење да изработи полугодишен и годишен извештај и да ги достави до Надзорниот одбор, Управниот одбор и Одборот за ревизија на Банката. "

**Член 15**

Во член 97 став 3 во точката 4), зборовите:„Биро за спречување перење пари и финансирање на тероризам" се заменуваат со зборовите: „Управата за финансиско разузнавање."

Во точката 5) зборот„Биро" се заменува со зборот „Управата."

Во точката 13) точката на крајот од реченицата се заменува со точка и запирка.

По точката 13) се додаваат три нови точки 14,15 и 16, кои гласат:

„14) ако податоците за приливи на средства на сметки на физички лица се соопштуваат на Управата за јавни приходи, во согласност со закон;

15) на писмено барање на Царинската управа за водење на постапки кои се во рамките на нејзината надлежност, во согласност со закон и

16) на барање на Државната комисија за спречување на корупција, во рамките на извршување на нејзините надлежности, во согласност со закон."

**Член 16**

Членот 101 се менува и гласи:

„Со донесување на овој Статут престанува да важи пречистениот текст на Статутот на Банката донесен на Собранието на Банката на 11.01.2019 година".

**Член 17**

Во целиот текст на Статутот зборовите: „Народна банка на Република Македонија" се заменуваат со зборовите: „Народна банка на Република Северна Македонија" и зборовите: „Народна банка на РМ" се заменуваат со зборовите: „Народна банка на Република Северна Македонија".

**Член 18**

Во целиот текст на Статутот зборовите: „Република Македонија" се заменуваат со зборовите: „Република Северна Македонија".

**Член 19**

Одлуката стапува на сила со денот на добивање на предходна согласност од Гувернерот на Народна Банка на Република Северна Македонија.

**Член 20**

Се овластува Надзорниот одбор на Банката да врши измени и дополнување на оваа одлука, во случај да има потреба.

Стручната служба на Банката да изготви пречистен текст на Статутот.

**О б р а з л о ж е н и е**
**за потребата од изменување и дополнување на Статутот**

Предложените измени и дополнувања на Статутот се вршат заради усогласување со одредбите од Законот за банките, Одлуката за правилата за добро корпоративно управување во банка донесена од страна на Народна банка на Република Северна Македонија, Препораката од Комисијата за хартии од вредност на Република Северна Македонија, намалување на бројот на членови на Управниот одбор на Банката и прераспоредување на нивните надлежности заради усогласување со фактичкото работење во Банката, проширување и допрецизирање на лицата со посебни права и одговорности во Банката, пропишување на можноста Надзорниот и Управниот одбор да формираат одбори, комисии и други тела на Банката кои ќе им помагаат на одборите во спроведувањето на нивните надлежности и потребата од промена на составот и надлежноста на Кредитниот одбор, заради зголемена ефикасност во процесот на одлучување по кредитните барања на клиентите.

Со членот 1 се врши дополнување на постојниот член 23 во делот на одговорноста на акционерите за обврските од работењето на Банката. Имено, со дополнување на овој член се изразува законската одредба акционерите да одговараат за обврските од работењето на Банката неограничено и солидарно во случаи кога ја злоупотребиле Банката како: правно лице за да постигнат цели што за нив како поединци за да им нанесат штета на своите доверители, спротивно на законот располагале со имотот на Банката како со свој сопствен имот или во своја корист или во корист на кое било друго лице го намалиле имотот на Банката, а знаеле или морале да знаат дека Банката не е способна да ги изврши своите обврски спрема третите

лица.Дополнувањето на оваа одредба е во согласност со законската регулатива во надлежност на Комисијата за хартии од вредност и мислењето од Комисијата.

Со членот 2 се врши дополнување во однос на тоа кое лице не може да биде лице со посебни права и одговорности во Банката, односно покрај постојните случаи се дополнува дека за лице кое не поседува репутација ќе се смета и лице кое е осудено со правосилна судска пресуда на безусловна казна затвор над шест месеци, а за член на Управен одбор на Банката ќе се смета дека не посетува репутација и кога има соработник кој е осуден со правосилна судска пресуда под истите околности како и за лицето со посебни права и одговорности. На овој начин се врши усогласување со членот 83 од Законот за банките и мислењето од НБРСМ.

Со членот 3 се врши дополнување на постојниот член 44 со воведување на интернет страницата на берзата како форма на која се објавува огласот за свикување на Собрание на акционери.Со членот 4 се воведува можност акционерите на Банката преку електронскиот систем на Банката да се регистрираат и да овластуваат полномошници за гласање на седница на Собрание на акционери .Исто така со членот 5 се воспоставува обврска на Банката покрај наведените информации кои треба да ги објави на интернет страница пред одржување на Собранието да ги објави и предложените одлуки или кога нема такви одлуки, мислење на овластен орган или тело на друштво на секоја точка од дененииот ред на Собранието на Банката. Овие дополнувања се извршени согласно мислењето од Комисијата за хартии од вредност, а во согласност со Законот за трговски друштва и Законот за хартии од вредност.

Со членот 6 се дополнува постојниот член 63 со нов став 2 со кој се прецизира дека Надзорниот одбор на Банката ги именува и разрешува членовите на Одборот за управување со ризици . Предложеното дополнување е усогласување со членот 89 став (3) точка 3 од Законот за банките.

Со членот 7 се доуредува начинот на работа на Одборот за ревизија , односно истиот да може полноважно да работи доколку се присутни мнозинството од сите негови членови, а соодветно на ова решение се врши техничко прилагодување на начинот на одлучување со мнозинство на сите членови на Одборот.

Со членот 8 се врши намалување на членовите на Управниот одбор на Банката од 4 (четири) на 3 (три) членови, со цел усогласување на работата на Управниот одбор со фактичката состојба а истовремено да се постигне ефикасно и ефективно извршување на надлежностите на Управниот одбор. Се пропишува дека еден од членовите се именува за Претседател на Управниот одбор, а се брише одредбата дека Претседателот на Управниот одбор извршува функција на Главен Извршен директор.

Соодветно на промената на бројот на членовите на Управниот одбор со членот 9 се уредува поделбата на надлежностите и одговорностите на членовите на Управниот одбор со определување на дирекциите за кои ќе имаат одговорност. Имено, еден Извршен директор е одговорен за Дирекција Правни работи, Служба за контрола на усогласеност со прописи и спречување перење пари и финасирање на тероризам, Дирекција Мрежа на експозитури, Дирекција Банкарство за население, Дирекција Кредитен центар, Дирекција Човечки ресурси и Дирекција Маркетинг и реклама, еден Извршен директор е одговорен е за Дирекција Корпоративно банкарство, Дирекција Стратешки клиенти, Дирекција Трежри и Дирекција Небанкарски дејности и еден Извршен директор е одговорен за Дирекција Управување со ризик, Дирекција Управување со проблематични пласмани, Дирекција Финансии и сметководство, Дирекција Информатички технологии, Дирекција Платни системи, Дирекција Картично работење и Дирекција Кредитна администрација.

Со членот 11 се воведува нов член 77-а со кој се уредува можност Надзорниот одбор да формира Одбор за начинот на следење на работењето и разрешување на членовите на Надзорниот одбор, Одборот за управување со ризиците, Одборот за ревизија и Управниот одбор и други одбори, комисии и други тела, коишто му помагаат при спроведувањето на дел

од неговите надлежности. Овој предлог е во согласност со членот 89 став (3) точка 12 од Законот за банките и точка 17 од Одлуката за правилата за добро корпоративно управување во банка.

Со предложениот член 77-а се предвидува Надзорниот одбор од редот на своите членови да формира Одбор за наградување со цел ефикасно спроведување на политиката за наградување на вработените што е во согласност со членот 89 став (3) точка 11 од Законот за банките и согласно точка 17 од Одлуката за правилата за добро корпоративно управување во банка. Со ставот 3 на предложениот член 77-а се уредува можност Управниот одбор за одделни прашања од делокругот на работењето на Банката да формира:одбори, комисии, работни групи и други тела, при што составот, надлежностите, овластувањата и организацијата на овие тела ќе се регулираат со посебни деловници за работа. Предложените решенија содржани во членот 77-а се направени во согласност со одредбите од Законот за банките и Одлуката за правила на добро корпоративно управување.

Со членот 77-б се уредува составот, надележностите и начинот на работа на Кредитниот одбор како еден од органите на Банката кои се уредуваат со Статутот, што е во согласност со членот 82 од Законот за банките. Членовите на Кредитниот одбор ги именува Надзорниот одбор на Банката во состав од пет членови и тоа: Главен директор за ризици, Директор на Дирекција Корпоративно банкарство, Заменик директор на Дирекција Корпоративно банкарство, Директор на Дирекција Управување со ризик и Директор на Дирекција Правни работи.

Со членот 12 се бришат членовите 81, 81-а и 82 со кои претходно се уредуваше работата на Кредитниот одбор.

Со членот 13 се врши дополнување во делот на лица со посебни права и одговорности при што покрај постојните лица како лица со посебни права и одговорности се врши дополнување и со Раководителот на службата за внатрешна ревизија и заменици директори на дирекциите на Банката. Предложеното решение е во согласност со членот 2 точка 26 од Законот за банките. Исто така, се брише Дирекција Човечки ресурси, како една од дирекциите со кои раководи Главниот директор за контрола на усогласеност со прописи.

Со членот 14 се се нагласува дека Надзорниот одбор на Банката организира служба за внатрешна ревизија, како независен организационен дел во Банката. Исто така, се врши дополнувања во делот на Службата за внатрешна ревизија, пришто се прецизира дека именувањето, следењето на работењето и разрешувањето на раководителот на Службата за внатрешна ревизија го врши Надзорниот одбор, што е во согласност со точка 44 од Одлуката за добро корпоративно управување во банка. Истовремено, се нагласува должноста на Службата за внатрешна ревизија да изработува полугодишен и годишен извештај за своето работење и да ги доставува до Надзорниот одбор, Управниот одбор и Одборот за ревизија на Банката. Ова дополнување е усогласување со одредбите од членот 89 став (3) точка 6 и член 97 став (1) од Законот за банките.

Со членот 15 се врши дополнување на постојниот член 97 во делот на банкарска тајна, со институции кон кои Банката не го применува начелото на банкарска тајна, во согласност со законот.Имено, се дополнува дека начелото на банкарска тајна не се применува ако податоците за приливи на средства на сметки на физички лица се соопштуваат на Управата за јавни приходи, во согласност со закон; на писмено барање на Царинската управа за водење на постапки кои се во рамките на нејзината надлежност, во согласност со закон и на барање на Државната комисија за спречување на корупција, во рамките на извршување на нејзините надлежности, во согласност со закон. Предложеното решение е усогласување со одредбите од членот 112 од Законот за банките.

Со членот 16 се утврдува престанок на важење на пречистениот текст на Статутот на Банката донесен на Собранието на Банката на 11.01.2019 година.

Со одредбите од членовите 17 и 18 се врши усогласување са називот на Народна банка на Република Северна Македонија и промена на името на Република Македонија во Република Северна Македонија, согласно Одлуката за прогласување на амандманите XXXIII, XXXIV, XXXV, XXXVI на Уставот на Република Македонија донесена од Собранието на РСМ, заведена под број 08-184/1 од 11.01.2019 година, а кои се однесуваат на промена на името на Република Македонија во Република Северна Македонија.

Со членот 19 се уредува стапување на сила на измените и дополнувањата на Статутот по добивање на претходна согласност од гувернерот на НБРСМ, а со член 20 се овластува Надзорниот одбор да врши измени и дополнувања на овој Статут доколку има потреба а службите во Банката да утврдат пречистен текст на Статутот.

СО бр. 0201/6-14/2019
30.12.2019 година

СОБРАНИЕ
ПРЕТСЕДАВАЧ

УНИВЕРЗАЛНА ИНВЕСТИЦИОНА БАНКА АД СКОПЈЕ